Република Северна Македонија
Министерство за финансии

МФРСМ.Ф.8.5/9-2

# КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА



**ноември 2024 година**

Министерство за финансии
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

## СОДРЖИНА

**Р Е З И М Е** ..... **2**

**1. РЕАЛЕН СЕКТОР** ..... **3**

Индустриско производство ..... 3

Број на работници во индустријата ..... 4

Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ..... 5

Индекси на прометот во индустријата ..... 5

Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите ..... 6

Број на извршени градежни работи по видови објекти ..... 7

Промет во секторот трговија ..... 8

Инфлација ..... 8

Берзански цени ..... 10

**2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА** ..... **12**

Извоз ..... 12

Увоз ..... 13

Салдо на трговска размена ..... 15

Валутна структура ..... 15

**3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР** ..... **15**

Буџетски приходи и расходи според економската класификација ..... 15

Расходи по буџетски корисници ..... 18

**4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР** ..... **19**

Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување ..... 19

Плати ..... 20

Пензии ..... 21

**5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР** ..... **22**

Примарни пари ..... 22

Депозитен потенцијал ..... 23

Кредити на банките ..... 24

Каматни стапки на депозитни банки ..... 24

Пазар на капитал ..... 25

Девизни резерви ..... 25



Министерство за финансии
Република Северна Македонија
Ул. „Даме Груев“ бр. 12, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3255 597
www.finance.gov.mk

# РЕЗИМЕ

## НА НАЈВАЖНИТЕ КРАТКОРОЧНИ ЕКОНОМСКИ ДВИЖЕЊА

### ноември 2024 година

- Во ноември 2024 година, индустриското производство забележа пад од 3,5% во споредба со истиот месец претходната година;
- Во ноември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,6% во споредба со истиот месец минатата година;
- Прометот во индустријата во ноември 2024 година во однос на ноември 2023 година бележи пад за 7,5%;
- Стапката на инфлација во ноември 2024 година изнесува 4,3% на годишно ниво и овој месец повторно регистрира забрзување на растот (3,5% во октомври 2024 година). На месечно ниво инфлацијата бележи раст од 1,0%;
- Во периодот јануари - ноември 2024 година, извозот забележа пад од 5,8%, а увозот од 0,6%, што резултираше со зголемување на трговскиот дефицит за 15,3% споредено со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – ноември 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 277.082 милиона денари, што претставува 87,1% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 11,5% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2023 година;
- Во периодот јануари – ноември 2024 година, реализацијата на вкупните расходи изнесува 306.738 милиони денари, што претставува 84,5% од годишниот план, односно раст од 10,8% во однос на истиот период од 2023 година;
- Во ноември 2024 година, вкупните кредити на банките се зголемија за 9,7% во споредба со ноември 2023 година, а вкупниот депозитен потенцијал на банките оствари раст од 11,0%.

# 1. РЕАЛЕН СЕКТОР

## Индустриско производство

Во ноември 2024 година, индустриското производство забележа пад од 3,5% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намаленото производство во сите сектори, и тоа во Рударство и вадење камен за 3,2%, Преработувачка индустрија за 2,7% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 6,7%.

**Графикон 1.1:** Индустриско производство
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Раст на производството во ноември 2024 година споредено со ноември 2023 година бележат 10 од вкупно 27 индустриски гранки кои сочинуваат 24,9% од вкупната индустрија.

Од гранките со повисока додадена вредност, во ноември 2024 година раст е забележан во гранките производство на електрична опрема за 28,2% со придонес од 1,5 п.п. и производство на метали за 5,6%, со придонес од 0,3 п.п., додека пад е забележан во гранките производство на моторни возила, приколки и полуприколки за 10,2% со придонес од -1,3 п.п. и производство на машини и уреди од 16,7% со придонес од -1,1 п.п..

**Графикон 1.2:** Структура на растот на индустријата
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС

Од традиционалните гранки, во ноември 2024 година се забележува раст на производството во следните гранки: производство на тутунски производи за 144,4% со придонес од 1,8 п.п. и преработката на дрво и производи од дрво и плута за 39,9% со придонес од 0,3 п.п., додека намалување на производството се забележува во гранките: производство на кожа за 3,9% со придонес од 0,0 п.п., производство на облека за 12,4%, со придонес од -0,8 п.п., производство на пијалаци за 2,8% со придонес од -0,1 п.п., производство на текстил за 5,8% со придонес од -0,3 п.п. и прехранбена индустрија за 7,5% со придонес од -0,8 п.п..

Индустриското производство според намената на произведените единици во ноември 2024 година споредено со ноември 2023 година е намалено во следните групи: Енергија (пад од 6,6% со придонес од -0,8 п.п.), Капитални производи (пад од 11,1% со придонес од -2,6 п.п.) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (пад од 6,9% со придонес од -2,1 п.п.), а зголемување на производството се забележува во групите: Интермедијарни производи, освен енергија (раст од 4,3% со придонес од 1,3 п.п.) и Трајни производи за широка потрошувачка (раст од 36,2% со придонес од 1,3 п.п.).

**Графикон 1.3а:** Гранки со позитивен придонес во растот
*(стапки на раст во %, ноември 2024 година)*




1 - Производство на тутунски производи
2 - Производство на моторни возила, приколки и полуприколки
3 - Производство на електрична опрема
4 - Производство на основни фармацевтски производи и фармацевтски препарати
5 - Производство на метали

Извор: ДЗС

**Графикон 1.3б:** Гранки со негативен придонес во растот
*(стапки на раст во %, ноември 2024 година)*




1 - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација
2 - Производство на облека
3 - Поправка и инсталирање на машини и опрема
4 - Вадење на руди на метал
5 - Производство на машини и уреди, неспомenати на друго место

Извор: ДЗС

Според намената на произведените единици, раст во периодот јануари - ноември 2024 година е регистриран во групата Трајни производи за широка потрошувачка (за 10,2%), во групата Капитални производи нема промена, додека пад се бележи во следните гранки: Енергија (за 18,4%), Интермедијарни производи освен енергија (за 1,9%) и Нетрајни производи за широка потрошувачка (за 4,1%).

## Број на работници во индустријата

Во ноември 2024 година, бројот на работници во индустријата е намален за 4,0% во споредба со истиот месец претходната година. Падот се должи на намалениот број работници во секторот Преработувачка индустрија за 4,7%, додека раст се забележува во секторите Рударство и вадење камен за 4,9% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 1,1%. Раст на бројот на работници се забележува во гранките: производство на машини и уреди, неспоменати на друго место за 34,0%, производство на пијалаци за 12,1% и вадење јаглен и лигнит за 11,8%.

**Графикон 1.4:** Вработеност и продуктивност во индустријата
*(стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ

Податоците за бројот на работници во индустријата по наменски групи во ноември 2024 година во однос на истиот месец минатата година покажуваат дека раст на бројот на работници бележат групите Енергија за 4,5% и Трајни производи за широка потрошувачка за 24,6%.

Кумулативните податоци покажуваат дека бројот на работници во индустријата во периодот јануари - ноември 2024 година бележи раст за 0,1%, што се должи на зголемениот број работници во секторите Рударство и вадење камен за 5,1% и Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 0,9%, додека пад се забележува кај секторот Преработувачка индустрија за 0,2%,

Во однос на наменските групи, бројот на работници во индустријата во периодот јануари - ноември 2024 година е зголемен во секторите: Енергија за 4,5%, Капитални производи за 11,6% и Трајни производи за широка потрошувачка за 16,0%.

## Продажни цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар

Во ноември 2024 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 5,6% во споредба со истиот месец минатата година. Покачувањето се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 4,2%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 14,3% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 4,5%, додека во секторот Рударство и вадење камен продажните цени се намалени за 1,7%.

**Графикон 1.5**: Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по сектори




Во ноември 2024 година во споредба со ноември 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите Енергија за 13,1%, Производи за широка потрошувачка за 8,1%, Трајни производи за 5,1% и Нетрајни производи за 8,2%.

**Графикон 1.6:** Растот на продажните цени на индустриски производи на домашниот пазар по групи




На кумулативна основа, во периодот јануари – ноември 2024 година во споредба со истиот период минатата година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки за 2,2%, што се должи на зголемените цени во секторите: Преработувачка индустрија за 1,3%, Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација за 6,8% и Снабдување со вода; Отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината за 2,9%, додека намалување на продажните цени има во секторот Рударство и вадење камен за 1,2%.

Во периодот јануари - ноември 2024 споредено со јануари – ноември 2023 година, продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар се повисоки во групите: Енергија за 6,4%, Производи за широка потрошувачка за 5,9%, Трајни производи за 4,3% и Нетрајни производи за 6,0%.

## Индекси на прометот во индустријата

Според податоците на Државниот завод за статистика, прометот во индустријата во ноември 2024 година во однос на ноември 2023 година бележи пад за 7,5%. Падот се должи на намалениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 8,2%, додека прометот во секторот Рударство и вадење камен бележи раст за 14,3%.

Во ноември 2024 година во споредба со ноември 2023 година, прометот во индустријата се зголеми во групите: Интермедијарни производи освен енергија 3,0%, Трајни производи за широка потрошувачка за 12,8% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 2,9%.

**Графикон бр.1.7:** Раст на прометот во индустријата во главните индустриски групи




Гранки со најголем раст на прометот во индустрија во ноември 2024 година во споредба со истиот месец минатата година се:

- Производство на останата опрема за транспорт (раст од 107,0%);
- Преработка на дрво и производи од дрво и плута освен мебел, производство на предмети од слама и плетарски материјал (раст од 27,3%) и
- Поправка и инсталирање машини и опрема (раст од 21,5%).

На кумулативна основа, во периодот јануари - ноември 2024 година во споредба со истиот период минатата година прометот во индустрија бележи пад за 10,8%, што се должи на намалениот промет во секторот Преработувачка индустрија за 11,2%, додека прометот во секторот Рударство и вадење камен бележи раст за 1,1%.

Во периодот јануари - ноември 2024 година во споредба со периодот јануари – ноември 2023 година прометот во индустријата се зголеми во групите Трајни производи за широка потрошувачка за 2,9% и Нетрајни производи за широка потрошувачка за 1,1%.

## Број на издадени одобренија за градење и предвидена вредност на објектите

Во ноември 2024 година издадени се вкупно 260 одобренија за градење, што претставува пад од 18,2% во однос на истиот месец од 2023 година. Тоа се должи на годишниот пад на издадени одобренија за градење за објекти од високоградба за 9,4% (кои во вкупниот број на издадени одобренија за градење учествуваат со 59,6%) и за реконструкција на објекти за 40,3%. Споредено со октомври 2024 година, бројот на издадени одобренија за градење е намален за 28,4%. Предвидената вредност на објектите според издадените одобренија за градење во ноември 2024 година е пониска за 63,8% на годишна основа, а во однос на претходниот месец таа бележи пад за 49,8%.

**Графикон 1.8:** Одобренија за градење и вредност на работите
*(број во единици; вредност во милиони денари)*




Извор: ДЗС.

Анализирано по видови објекти, од вкупниот број издадени одобренија за градење, 155 (или 59,6%) се наменети за објекти од високоградба, 59 (или 22,7%) за објекти од нискоградба и 46 (или 17,7%) за објекти за реконструкција.

Анализирано по типови инвеститори, од вкупно 260 издадени одобренија за градење на 146 објекти (или 56,1%) како инвеститори се јавуваат физички лица, а на 114 објекти (или 43,9%) инвеститори се деловни субјекти.

Со издадените одобренија за градење во ноември 2024 година предвидена е изградба на 542 станови со вкупна корисна површина од 49.111м$^2$. Бројот на предвидени станови за изградба е намален за 40,6% на месечно ниво, а за 17,3% на годишно ниво.

**Графикон 1.9:** Структура на издадените одобренија за градење по региони (*ноември 2024)*




Извор: ДЗС.

**Графикон 1.10:** Предвидена вредност на објектите по региони (*во милиони денари)*




## Број на извршени градежни работи по видови објекти

Вкупната вредност на извршените градежни работи во октомври 2024 година изнесува 3.621 милион денари, што претставува номинален годишен раст од 5,7%, при што раст се забележува кај високоградбата за 6,4% и кај нискоградбата за 8,8%, додека кај специјализираните градежни работи се забележува пад за 42,3%. Споредено со септември 2024 година, вкупната вредноста на извршените градежни работи бележи пад од 0,5%, и тоа кај високоградбата за 17,7%, додека раст има кај нискоградбата за 9,0% и кај специјализираните градежни работи за 9,8%. Кумулативно, во периодот јануари – октомври 2024 година вредноста на извршените градежни работи изнесува 27.296 милиони денари, што е за 7,6% повеќе во споредба со истиот период минатата година.

**Графикон 1.11:** Извршени градежни работи (милиони денари)




Во рамки на извршените градежни работи, поголемиот дел се однесува на нискоградбата, кај која во првите десет месеци од годината се извршени градежни работи во вредност од 17.245 милиони денари, односно за 21,9% повеќе во однос на истиот период минатата година. Во овој период, вредноста на извршените работи кај високоградбата се намали за 12,0% и изнесува 9.127 милиони денари, а кај специјализираните градежни работи изнесува 924 милиони денари, односно 9,1% повеќе во однос на истиот период минатата година.

На реална основа, вредноста на извршените градежни работи во периодот јануари - октомври 2024 година се зголеми за 15,9%, при раст кај нискоградбата (31,3%) и кај специјализираните градежни работи (17,5%), додека кај високоградбата е забележан пад (5,3%).

## Промет во секторот трговија



**Графикон 1.12:** Трговија на мало, реална годишна промена (%)

Во ноември 2024 година, податоците за внатрешната трговија покажуваат номинален годишен раст на прометот за 3,0%, по растот од 5,7% во октомври. Вредноста на прометот во ноември 2024 година изнесува 68.773 милиони денари, додека кумулативно, во периодот јануари - ноември 2024 година, вредноста на вкупниот промет во трговијата изнесува 727.448 милиони денари, што е за 4,5% повеќе во однос на истиот период минатата година. Кумулативно, во периодот јануари - ноември 2024 позитивен раст на прометот е забележан во сите сектори: трговија на големо, чија вредност на прометот изнесува 394.280 милиони денари, односно за 5,9% повеќе во однос на истиот период минатата година, трговија на мало, чија вредност на прометот изнесува 289.410 милиони денари, што е за 3,1% повеќе во споредба со иститот период од 2023 година и трговија со моторни возила и поправки, чија вредност на прометот изнесува 43.758 милиони денари или за 1,6% повеќе во однос на истиот период лани.

На реална основа, во ноември 2024 година трговијата на мало бележи годишен пад од 0,5%, додека анализирано по групи и класи, зголемување се забележува само во групата трговија на мало со автомобилски горива за 6,0%, додека намалување се забележува во групите трговија на мало со непрехранбени продукти за 0,1% и трговија на мало со храна, пијалаци и тутун за 4,5%.

Во ноември 2024 година, најголемо структурно учество во секторот Трговија има одделот Трговија на големо (52,8%), а потоа следуваат Трговија на мало (40,1%) и Трговија со моторни возила и мотоцикли, поправка и нивно одржување (7,1%).

## Инфлација



Графикон 1.13: Инфлација според COICOP
*(стапки на раст во %)*

Стапката на инфлација во ноември 2024 година изнесува 4,3% на годишно ниво и овој месец повторно регистрира забрзување на растот (3,5% во октомври 2024 година). Растот на инфлацијата овој месец во најголем дел произлегува од прехранбената компонента, која бележи забрзан раст и зголемен придонес во вкупната инфлација, додека базичната компонента во ноември бележи забавување на растот. Просечната стапка на инфлација во периодот јануари – ноември 2024 година изнесува 3,4%.

Во ноември 2024 година, базичната инфлација (инфлација од која е исклучено влијанието на цените на храната и енергентите) забележува забавување на растот и изнесува 5,5% на годишна основа (6,0% претходниот месец). Најголем позитивен придонес овој месец имаат зголемените цени од категоријата Ресторани и хотели (1,3 п.п.).

Цените во категоријата Храна и безалкохолни пијалаци забележаа забрзување на растот и изнесуваат 5,7% (повисоки за 2,4 п.п. во споредба со претходниот месец), при што придонесот на оваа категорија во вкупната инфлација во ноември изнесува 2,3 п.п. и нејзиниот придонес е зголемен во споредба со претходниот месец. Најголем позитивен придонес во растот на категоријата Храна и безалкохолни пијалаци имаа поткатегориите: зеленчук (годишен раст од 15,6% и придонес од 0,7 п.п.), млеко, сирење и јајца (годишен раст од 7,1%, придонес од 0,5 п.п.), месо (годишен раст од 4,0%, придонес од 0,4п.п.) и безалкохолни пијалаци (годишен раст од 12,9%, придонес од 0,3 п.п.).

Гледано по компоненти, највисок годишен раст на цените во ноември 2024 година е забележан во категоријата Ресторани и хотели за 11,4% (придонес во раст на вкупна инфлација од 0,7 п.п.).

Раст на цените е регистриран и во следните категории: Алкохолни пијалаци, тутун и наркотици од 6,8%[1], Рекреација и култура од 5,8%, Здравствена заштита од 4,9%, Разновидни стоки и услуги од 4,1%, Облека и обувки од 3,0%, Мебел, покуќнина и редовно одржување на домаќинствата од 2,4%, Комуникации од 2,2%, Домување, вода, електрика, гас и други горива од 0,7% и Образование од 0,3%. Пад на цените од 0,4% е регистриран во категоријата Транспорт.

Графикон 1.14: Структура на инфлацијата според COICOP
*(придонеси во п.п.)*




Извор: ДЗС.

Графикон 1.15: Инфлација (годишни стапки на раст во %) за земјите од Западен Балкан




[1] Цената на тутунските производи е зголемена во согласност со усвоените измени на Законот за акцизите, при што акцизата на цигарите ќе се зголемува за 0,23 денари по парче секоја година сè до 2030 година. Во октомври 2024 беше воведена нова цена на тутунот.

Во ноември, потрошувачките цени се зголемија за 1,0% на месечно ниво (минатиот месец цените се намалија за 0,7%). Растот на цените на месечно ниво се должи на зголемувањето на цените на храната, при што влијание врз растот имаше тоа што мерката за намалување на маржите на 73 прехранбени производи, т.н. „есенска кошничка“[2], престана да важи на 31 октомври.

Во ноември цените на храната се зголемија за 2,1% на месечно ниво (позитивен придонес од 0,9 п.п.) и најголем придонес во растот имаа цените на месото, лебот и зеленчукот.

Во ноември 2024 година, цените на мало се зголемија за 4,0% на годишно ниво и тие забележуваат забрзување на растот. На месечна основа, цените на мало регистрираа раст од 0,3%. Во периодот јануари – ноември 2024 година цените на мало се зголемија за 3,7% на годишно ниво.

Во ноември 2024 година, стапката на инфлација во еврозоната се зголеми за 0,3 п.п. во споредба со октомври и изнесува 2,3%.

Согласно проекциите на ЕЦБ, стапката на инфлација во 2024 година би достигнала 2,5%, 2,2% во 2025 и 1,9% во 2026 година. За 2024 година се очекува стапката на инфлација да се движи околу 2,5% со одредена нестабилност поврзана со базниот ефект на цените на енергијата. Во текот на 2024 година не се очекува драстична промена на инфлацијата и таа ќе остане над историскиот просек, што го одразува бавното намалување на цените на услугите. Со оглед на тоа дека намалувањето на цените на храната се очекува да се пролонгира и енергетската компонетна да има мал позитивен придонес во вкупната инфлација, се очекува побавна дезинфлација и таргетот од 2% да биде постигнат во четвртиот квартал од 2025 година.

Графикон 1.16: Промена на цената на суровата нафта (Брент)
*(цена во долари/барел; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

Графикон 1.17: Промена на цената на природниот гас
*(базичен индекс; стапка на раст во %)*




Извор: Светска банка; пресметки на МФ.

## Берзански цени

Во ноември 2024 година, цената на суровата нафта (Брент) на светските берзи се намали за 1,7% на месечно ниво и изнесува 74,4 долари за барел, како резултат на комбинација од фактори, односно зголемено снабдување од земјите кои не се членки на ОПЕК +, загриженоста за глобалниот економски раст, особено во Кина, што доведе до намалена

[2] На 20 септември, Владата ја ограничи бруто профитната маржа на 73 производи за 10 отсто. Во таканаречената „есенска кошничка“ влегоа леб, пекарски и млечни производи, млеко, месо и преработки од месо, дел од конзервните производи, овошје, зеленчук, ориз, грав, тестенини. Мерката беше на сила до 31 октомври.

побарувачка на нафта, како и геополитички фактори. На годишно ниво цената на нафтата е пониска за 11,1%.

Во ноември 2024 година, цената на природниот гас се зголеми за 3,8% на месечно ниво. Цената на гасот е под влијание на неколку фактори, меѓу кои геополитичките тензии, вклучително и ескалацијата на конфликтот на Блискиот Исток и загриженоста за потенцијалните прекини во снабдувањето на руско-украинската граница поради тековниот конфликт. Овие фактори ја зголемија вознемиреноста на пазарот на гас, што доведе до поголема нестабилност. Во ноември 2024 година, цената на природниот гас се намали за 9,0% на годишно ниво.

Цената на електричната енергија во ноември 2024 година според Унгарската берза на електрична енергија (HUPX) изнесува 163,72 евра за мегават/час и на месечно ниво регистрираше раст од 77,6%. Цените на електричната енергија во Европа забележаа значително зголемување поради растот на цените на природниот гас, зголемената побарувачка поради временските услови и пад на производството на обновливи извори на енергија. Овие фактори доведоа до раст цените на електричната енергија на неколку европски пазари. Во ноември цената на електричната енергија се зголеми за 64,7% на годишно ниво.

Графикон 1.18: Берзански цени на метали
(цени во долари/тон)




Извор: Светска банка.

Во ноември 2024 година, цените на основните метали регистрираа намалување во споредба со претходниот месец, па така се намалија цените на: калајот за 7,4%, никелот за 6,2%, бакарот за 4,8%, цинкот за 3,3%, оловото за 2,3% и алуминиумот за 0,5%.

Овој месец се забележува и намалување на цените на благородните метали, па така цената на златото се намали за 1,4%, на платината за 3,3% и на среброто за 4,1%.

Во ноември, цената на пченката се зголеми на месечна основа за 5,8%, додека цената на пченицата се намали за 1,9%. Цената на сончогледовото масло се зголеми за 5,1% на месечна основа.

Табела 1.1 . Берзански цени на енергенти (месечни податоци)

| | Electricity (EUR/MWh) | Crude Oil, Brent ($/bbl) | Natural GAS, Europe ($/1000 m3) |
|---|---|---|---|
| 2023 I | 148,7 | 83,1 | 714,1 |
| II | 146,2 | 82,7 | 585,1 |
| III | 113,4 | 78,5 | 488,7 |
| IV | 106,7 | 84,1 | 478,4 |
| V | 88,2 | 75,7 | 357,7 |
| VI | 96,6 | 74,9 | 366,2 |
| VII | 94,5 | 80,1 | 337,2 |
| VIII | 100,4 | 86,2 | 396 |
| IX | 103,8 | 94,0 | 408,6 |
| X | 104,9 | 91,1 | 515,5 |
| XI | 99,38 | 83,2 | 512,5 |
| XII | 81,72 | 77,9 | 407,1 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 2024 I | 85,73 | 80,2 | 338,2 |
| II | 69,35 | 83,8 | 288,3 |
| III | 65,12 | 85,5 | 302,6 |
| IV | 61,96 | 90,5 | 321,4 |
| V | 72,2 | 82,0 | 358,2 |
| VI | 91,7 | 82,6 | 384,6 |
| VII | 135,5 | 85,3 | 366,1 |
| VIII | 120,8 | 80,9 | 437,8 |
| IX | 106,1 | 74,3 | 416,94 |
| X | 92,2 | 75,7 | 457,1 |
| XI | | 74,4 | 492,7 |

Извор: Светска банка, Унгарска берза на електрична енергија (World Bank, Hungarian Power Exchange)

## 2. НАДВОРЕШНОТРГОВСКА РАЗМЕНА

Вкупната надворешнотрговска размена во првите единаесет месеци од 2024 година изнесува 17.343,1 милион евра и бележи пад од 2,9% во однос на истиот период минатата година.

Во периодот јануари - ноември 2024 година, учеството на размената со Европската Унија (ЕУ 27), како најголем трговски партнер, е намалено за 0,2 п.п. споредено со истиот период претходната година и изнесува 61,7%. Германија е најзначаен трговски партнер на нашата земја. Во структурата на вкупната надворешнотрговска размена на нашата земја, учеството на трговската размена со Германија во првите единаесет месеци од 2024 година изнесува 23,1% и е намалено за 1,6 п.п. во однос на истиот период од 2023 година.

**Графикон 2.1:** Надворешна трговија
*(износи во милиони евра)*




Извор:

**Графикон 2.2**: Надворешно-трговска размена со Германија и ЕУ 27 *(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

### Извоз

Вредноста на извезените стоки во првите единаесет месеци од 2024 година изнесува 7.216,6 милиони евра и бележи пад од 5,8% (447,9 милиони евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на извозот е зголемен за 0,3% во однос на истиот период минатата година.

Вредноста на извезените стоки во ноември 2024 година изнесува 652,6 милиони евра и бележи пад од 9,2% (65,8 милиони евра) во однос на истиот месец претходната година, а физичкиот обем на извозот е намален за 1,2% споредено со ноември 2023 година.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2024 година извозот бележи пад од 7,1% (50,2 милиона евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на извозот тој регистрира месечен пад од 3,9%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (3,3 п.п.) врз извозот овој месец.

**Графикон 2.3:** Производи со највисоко учество во извозот (по СМТК)




Извор: ДЗС.

Вредноста на извозот на храна во првите единаесет месеци од 2024 година е зголемена за 49,4 милиони евра, што претставува раст од 10,9% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на извезената храна е зголемена за 12,1%. Во структурата на вкупниот извоз на нашата земја, учеството на храната во првите единаесет месеци од 2024 година изнесува 7,0% и е зголемено за 1,1 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. Во вкупниот извоз на храна, најголемо учество има извозот на следните производи: овошје и зеленчук (46,7%), жита и преработки од жита (22,6%), месо и преработки од месо (7,6%) и кафе, чај, какао и зачини (6,5%).

Анализирано според економските групации[3] на земјите, во периодот јануари - ноември 2024 година споредено со истиот период од 2023 година, извозот бележи пад во групациите: ЕУ 27, ЕФТА, Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати и Организација за економска соработка на земји од Азиско - пацифичкиот Регион, а раст во групациите: Западен Балкан, Северноамериканска зона на слободна трговија и Заедница на независни држави. Извозот во ЕУ 27 бележи пад од 7,5% на годишно ниво и учествува со 77,4% во вкупниот извоз на Република Северна Македонија, додека извозот во земјите од Западен Балкан бележи раст од 6,2% и учествува со 14,1% во вкупниот извоз на нашата земја.

## Увоз

Вредноста на увезените стоки во првите единаесет месеци од 2024 година изнесува 10.126,5 милиони евра и бележи пад од 0,6% (62,2 милиона евра) во однос на истиот период од 2023 година, а физичкиот обем на увозот бележи пад од 5,8%.

Вредноста на увозот во ноември 2024 година изнесува 936,9 милиони евра и бележи пад од 2,1% (20,6 милиони евра) во однос на истиот месец од 2023 година, а увезените количини стоки се намалени за 8,4% споредено со ноември 2023 година.

[3] Економските групации ги опфаќаат следните земји: ЕУ 27 (Австрија, Белгија, Бугарија, Хрватска, Кипар, Чешка, Германија, Данска, Естонија, Шпанија, Финска, Франција, Грција, Унгарија, Ирска, Италија, Литванија, Луксембург, Латвија, Малта, Холандија, Полска, Португалија, Романија, Шведска, Словенија и Словачка); ЕФТА (Швајцарија, Исланд, Лихтенштајн и Норвешка); Организација на земјите извознички на нафта и нафтени деривати (Обединети Арапски Емирати, Ангола, Алжир, Еквадор, Ирак, Иран, Кувајт, Либија, Нигерија, Катар, Саудиска Арабија и Венецуела); Западен Балкан (Албанија, БиХ, Црна Гора, Северна Македонија, Косово и Србија); Северноамериканска зона на слободна трговија (Канада, Мексико и САД); Организација за економска соработка на земјите од Азиско - пацифичкиот Регион (Австралија, Брунеи, Канада, Чиле, Кина, Хонг Конг, Индонезија, Јапонија, Кореа, Мексико, Малезија, Нов Зеланд, Перу, Папуа Нова Гвинеја, Филипини, Русија, Сингапур, Тајланд, Тајван, САД и Виетнам) и Заедница на независни држави (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Киргистан, Казахстан, Молдавија, Русија, Таџикистан, Туркменистан, Украина и Узбекистан).

**Графикон 2.4:** Структура на извозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

**Графикон 2.5:** Структура на увозот по економска намена *(учества во %)*




Извор: ДЗС; пресметки на МФ.

Анализирано на месечно ниво, во ноември 2024 година увозот бележи пад од 4,7% (46,6 милиони евра) во однос на претходниот месец, а доколку се изврши сезонско прилагодување на увозот, тој регистрира месечен пад од 0,4%, што укажува на негативното влијание на сезонскиот фактор (4,4 п.п.) врз увозот овој месец.

Вредноста на увозот на храна во првите единаесет месеци од 2024 година е зголемена за 81,7 милиони евра, што претставува раст од 9,2% во однос на истиот период од 2023 година, а количината на увезената храна е зголемена за 6,4%. Во првите единаесет месеци од 2024 година, учеството на храната во структурата на вкупниот увоз на нашата земја изнесува 9,6% и е зголемено за 0,9 п.п. во однос на истиот период од 2023 година. Во вкупниот увоз на храна, најголемо учество има увозот на следните производи: месо и преработки од месо (21,7%), овошје и зеленчук (14,8%), жита и преработки од жита (13,4%), кафе, чај, какао и зачини (11,7%) и млечни производи и јајца (10,0%).

Табела 2.1. Преглед на извозот и увозот на селектирани групи производи

| Извоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2023 | I - XI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 119,5 | 107,2 | -12,3 | -10,3 |
| Мил. ЕУР | 94,6 | 75,7 | -18,9 | -20,0 |
| Мил.$ | 102,3 | 82,1 | -20,2 | -19,7 |

| Увоз на нафта и производи од нафта*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2023 | I - XI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 1.089,9 | 1.077,9 | -12,0 | -1,1 |
| Мил. ЕУР | 812,9 | 745,0 | -67,9 | -8,4 |
| Мил.$ | 878,4 | 808,5 | -69,8 | -8,0 |

*)Претходни податоци

| Извоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2023 | I - XI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 73,2 | 61,6 | -11,6 | -15,8 |
| Мил. ЕУР | 2.202,6 | 1.701,3 | -501,3 | -22,8 |
| Мил.$ | 2.380,2 | 1.846,4 | -533,8 | -22,4 |

| Увоз на хемиски производи*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2023 | I - XI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 27,9 | 29,3 | 1,4 | 5,1 |
| Мил. ЕУР | 171,6 | 160,4 | -11,2 | -6,5 |
| Мил.$ | 185,3 | 174,0 | -11,3 | -6,1 |

*)Претходни податоци

| Извоз на железо и челик *) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2023 | I - XI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 608,0 | 616,7 | 8,7 | 1,4 |
| Мил. ЕУР | 535,9 | 473,5 | -62,5 | -11,7 |
| Мил.$ | 579,2 | 514,0 | -65,1 | -11,2 |

| Увоз на железо и челик*) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | I - XI - 2023 | I - XI - 2024 | Салдо | Стапки во% |
| .000 Т | 637,4 | 633,7 | -3,7 | -0,6 |
| Мил. ЕУР | 468,6 | 435,5 | -33,1 | -7,1 |
| Мил.$ | 506,0 | 472,7 | -33,2 | -6,6 |

*)Претходни податоци

## Салдо на трговска размена

Во периодот јануари - ноември 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 15,3% односно 385,7 милиони евра споредено со истиот период минатата година.

Во ноември 2024 година, трговскиот дефицит се зголеми за 18,9% односно 45,2 милиона евра споредено со ноември 2023 година.

Доколку салдото на извозот и увозот на стоки го анализираме по економска намена, зголемувањето на дефицитот е резултат од зголемувањето на дефицитот во размената со индустриски набавки, стоки за широка потрошувачка и храна и пијалаци, како и на намалувањето на позитивното салдо во размената со транспортна опрема. Од друга страна, пак, кон намалување на негативното салдо дејствуваше намалувањето на дефицитот во размената со горива и мазива и стоки за инвестиции без транспортна опрема.

**Графикон 2.6:** Надворешно-трговска размена
*(износи во милиони евра)*




Извор: ДЗС.

Во првите единаесет месеци од 2024 година, 91,3% од трговскиот дефицит на земјата е остварен во размената со Велика Британија, Кина и Грција, а потоа следуваат: Турција, Полска, Италија, Србија, Бугарија и други. Суфицит е остварен во размената со Германија, Косово, Чешка, Словачка, Унгарија, Шпанија и Романија.

## Валутна структура

Гледано по валутна структура, 91,7% од трговската размена во периодот јануари - ноември 2024 година е реализирана во евра, што во однос на истиот период од 2023 година претставува намалување за 0,1 п.п.. На страната на извозот и увозот еврото е застапено со 94,5% и 89,8%, соодветно, при што застапеноста на еврото кај извозот е намалена за 0,4 п.п, додека кај увозот е зголемена за 0,3 п.п. во однос на периодот јануари – ноември 2023 година.

Табела 2.2 Надворешнотрговска размена на Република Северна Македонија (по валути); пресметки на МФ

| увоз | I - XI - 2023 | | | | | I - XI - 2024 | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| валута | колич. 000 t | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | колич. 000 т | увоз во валута | просечен курс на денарот во однос на валутите | увоз во денари | структ. во% | апсолутна промена во валутна вредност | релативна промена во валутна вредност (во%) |
| ЕУР | 5.537,3 | 9.119.564.959 | 61,5629 | 561.426.865.594 | 89,5 | 5.502,7 | 9.094.066.978 | 61,5353 | 559.606.139.732 | 89,8 | -25.497.980 | -0,3 |
| УСД | 900,8 | 1.065.214.010 | 56,9986 | 60.715.707.245 | 9,7 | 556,2 | 1.023.598.476 | 56,7049 | 58.043.049.222 | 9,3 | -41.615.534 | -3,9 |
| ГБП | 1,8 | 21.290.215 | 70,7327 | 1.505.914.374 | 0,2 | 2,4 | 21.301.302 | 72,5448 | 1.545.298.690 | 0,2 | 11.087 | 0,1 |
| ЕУР+УСД+ ГБП | 6.439,9 | | | 623.648.487.213 | 99,2 | 6.061,4 | | | 619.194.487.644 | 99,4 | | |
| вк извоз: | 6.455,9 | | | 627.275.447.560 | 100,0 | 6.080,3 | | | 623.155.509.611 | 100,0 | | -0,7 |

Извор: Државен завод за статистика и НБРСМ

# 3. ФИСКАЛЕН СЕКТОР

## Буџетски приходи и расходи според економската класификација

Во периодот јануари – ноември 2024 година, реализацијата на вкупните буџетски приходи на Буџетот на РСМ изнесува 277.082 милиона денари, што претставува 87,1% од планираниот износ за 2024 година, односно зголемување за 11,5% во однос на реализираните буџетски приходи во споредба со истиот период од 2023 година. Во рамки на вкупните приходи, 256.743 милиони денари се остварени по основ на даночни приходи и социјални придонеси, со што стапката на реализација е 90,3% од планираниот износ за 2024 година, односно се забележува

раст од 14,6% во однос на претходната година. Притоа, даночните приходи се реализирани во вкупен износ од 160.375 милиони денари (реализација од 91,3% од планираниот износ за 2024 година), додека придонесите се реализирани во износ од 94.788 милиони денари (годишен раст од 14,4%, односно 90,1% од планираниот износ за 2024 година). Во рамки на даночните приходи се забележува раст кај приходите по основ на: данок на личен доход за 16,3%, данок на добивка за 18,8%, данок на додадена вредност за 19,3%, акцизи за 10,3% и увозни давачки за 15,7%, додека другите даночни приходи бележат намалување за 71,2%. Во овој период, неданочните приходи бележат раст од 6,4%, а капиталните приходи бележат намалување за 16,5%, како и приходите по основ на странски донации за 63,4%.

Реализацијата на вкупните расходи во периодот јануари – ноември 2024 година изнесува 306.738 милиони денари, што претставува 84,5% од годишниот план, односно раст од 10,8% во однос на истиот период од 2023 година. Притоа, тековните расходи се реализирани во износ од 285.319 милиони денари или 87,7% од планираниот износ за целата година, што претставува раст од 16,4% во однос на истиот период од 2023 година. Раст се забележува и кај расходите за плати и надоместоци за 18,7%, кај расходите за стоки и услуги за 11,5% и кај каматните расходи за 37,4%. Трансферите, коишто се најголема категорија на тековните расходи, се зголемија за 15,1%, водени од растот кај социјалните трансфери за 15,3%, расходите за здравствена заштита за 13,3%, блок и наменските дотации за 11,2% и субвенциите и трансферите за 18,3%. Капиталните расходи се реализирани во износ од 21.419 милиони денари и се пониски за 32,9% во споредба со истиот период од 2023 година. Стапката на реализација на капиталните расходи во периодот јануари – ноември 2024 година во однос на планираниот износ изнесува 57,3%.

**Табела 3.1. Извршување на Буџетот на РСМ за периодот јануари – ноември 2024 година**

| | Реалокација 2024 | јануари - ноември 2024 | | |
|---|---|---|---|---|
| | милиони денари | милиони денари | годишна стапка на раст (во %) | стапка на реализација |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **318.151** | **277.082** | **11,5%** | **87,1%** |
| **Даноци и придонеси** | **284.469** | **256.743** | **14,6%** | **90,3%** |
| Даноци | 175.751 | 160.375 | 14,9% | **91,3%** |
| Данок на личен доход | 31.542 | 27.434 | 16,3% | **87,0%** |
| Данок на добивка | 21.118 | 18.545 | 18,8% | **87,8%** |
| ДДВ | 78.458 | 74.929 | 19,3% | **95,5%** |
| Акцизи | 29.837 | 26.812 | 10,3% | **89,9%** |
| Увозни давачки | 13.556 | 11.760 | 15,7% | **86,8%** |
| Други даночни приходи | 1.240 | 895 | -71,2% | **72,2%** |
| Придонеси | 105.212 | 94.788 | 14,4% | **90,1%** |
| **Неданочни приходи** | **22.541** | **15.959** | **6,4%** | **70,8%** |
| **Капитални приходи** | **3.240** | **1.671** | **-16,5%** | **51,6%** |
| **Странски донации** | **7.900** | **2.709** | **-63,4%** | **34,3%** |
| **Приходи од наплатени заеми** | **0** | **0** | **/** | **/** |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **362.816** | **306.738** | **10,8%** | **84,5%** |
| **Тековни расходи** | **325.443** | **285.319** | **16,4%** | **87,7%** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Плати и надоместоци | 44.361 | 39.446 | 18,7% | **88,9%** |
| Стоки и услуги | 26.043 | 19.758 | 11,5% | **75,9%** |
| Трансфери | 237.408 | 208.923 | 15,1% | **88,0%** |
| Социјални трансфери | 173.432 | 154.615 | 15,3% | **89,2%** |
| ПИОСМ | 106.615 | 96.526 | 17,7% | **90,5%** |
| Паричен надоместок за невработени лица | 2.926 | 2.345 | 8,1% | **80,1%** |
| Социјална помош | 15.314 | 13.518 | 6,6% | **88,3%** |
| Здравствена заштита | 48.576 | 42.226 | 13,3% | **86,9%** |
| Други трансфери | 61.546 | 52.257 | 14,7% | **84,9%** |
| Камата | 17.632 | 17.192 | 37,4% | **97,5%** |
| **Капитални расходи** | **37.374** | **21.419** | **-32,9%** | **57,3%** |
| **БУЏЕТСКО САЛДО** | **-44.666** | **-29.656** | **4,1%** | **66,4%** |

Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.1.** Структура на остварени даночни приходи, јануари – ноември 2024 година




Извор: Министерство за финансии

**Графикон 3.2.** Структура на реализирани расходи според економска класификација, јануари – ноември 2024 година




Извор: Министерство за финансии

Во периодот јануари – ноември 2024 година е остварен дефицит на Буџетот на РСМ во износ од 29.656 милиони денари, што претставува 3,1% од проектираниот БДП за 2024 година, односно 66,4% од годишниот план.




## Расходи по буџетски корисници

Во продолжение е даден осврт на буџетските расходи за најголемите буџетски корисници.

Во периодот јануари – ноември 2024 година, Министерството за социјална политика, демографија и млади реализира 62.473 милиони денари или 91,7% од вкупниот буџет за тековната година. Притоа, најголем дел (69,8%) од расходите се наменети за тековни трансфери до вонбуџетските фондови, за што се потрошени 43.589 милиони денари или 93,9% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна расходна ставка е социјални бенефиции, којашто учествува со 21,2% во вкупните расходи и за оваа намена беа реализирани 91,1% (13.265 милиони денари) од планираните за 2024 година.

Во анализираниот период, Министерството за образование и наука изврши буџетски средства во износ од 31.112 милиони денари, што е 86,1% од вкупниот буџет за 2024 година. Најголем дел од расходите (57,9%) претставуваат тековни трансфери до ЕЛС, за што се потрошени 20.332 милиона денари или 90,4% од вкупно планираните средства. Плати и надоместоци е втора најзначајна ставка со учество од 19,9%, за што се потрошени 6.980 милиони денари, односно 88,8% од вкупно предвидените.




Во периодот јануари – ноември 2024 година, Министерството за внатрешни работи реализира вкупно 12.939 милиони денари, што претставува 84,6% од сопствениот буџет за 2024 година. Најзначајна расходна ставка е плати и надоместоци со учество од 68,1%, за што се потрошени 8.817 милиони денари или 90,3% од планираното. Втора најзначајна ставка е стоки и услуги со учество од 19,5%. За таа намена беа реализирани 2.521 милион денари или 80,3% од годишниот план.

Во овој период, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) реализира 7.441 милион денари што претставува 72,0% од планираните средства за тековната година. За субвенции и трансфери, коишто учествуваат со високи 91,5% во вкупните расходи, реализирани се 72,7% од планираните средства за цела година, односно 6.807 милиони денари.

Во периодот јануари – ноември 2024 година, Министерството за одбрана реализира 14.804 милиони денари, што претставува 83,3% од вкупниот буџет за оваа година. Плати и надоместоци има најголемо учество во расходите со 37,5%, па за таа намена реализацијата изнесува 5.548 милиони денари (88,1% од вкупно предвидените средства за тековната година). Капиталните расходи учествуваат со 29,5% во вкупните расходи и за оваа ставка се потрошени 4.365 милиони денари, односно 82,4% од вкупно предвидените.

Во периодот јануари – ноември 2024 година, Владата на Република Северна Македонија реализира вкупно 3.038 милиони денари, односно 68,4% од планираните средства за 2024 година. Притоа, субвенциите и трансферите учествуваат со 56,9% во вкупните расходи на овој буџетски корисник, а нивната реализација изнесува 1.729 милиони денари (60,8% од предвидените средства).

Во анализираниот период, Министерството за здравство изврши буџетски средства во износ од 6.598 милиони денари или 80,1% од вкупниот буџет за 2024 година. Тековни трансфери до вонбуџетските фондови има најголемо учество во расходите со 52,8%, за што се потрошени 3.486 милиони денари или 85,4% од средствата наменети за 2024 година. Втора најзначајна ставка е Стоки и услуги со реализација од 2.562 милиона денари (79,3% од планираното за годината) и учество од 38,8% во вкупните расходи.

Во периодот јануари – ноември 2024 година, Министерството за транспорт и врски реализира средства во износ од 4.728 милиони денари, што е 45,5% од вкупниот буџет за тековната година. Реализацијата на капиталните расходи како главна ставка изнесува 80,5% од вкупно реализираните средства на овој буџетски корисник (3.805 милиони денари или 41,8% од вкупно планираните средства).

Во овој период, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство реализира средства во износ од 1.391 милион денари, што претставува 81,2% од предвидените за 2024 година. Плати и надоместоци (579 милиони денари) е најзначајна ставка во вкупните расходи на овој буџетски корисник со учество од 41,6%, а притоа се реализирани 89,3% од планираните. По основ на субвенции и трансфери отпаѓаат 20,7% од вкупните расходи, а реализацијата за таа намена изнесува 288 милиони денари или 93,2% од вкупниот буџет за оваа намена.

Деталните податоци за секој буџетски корисник се прикажани во статистичкиот прилог на следната врска (*http://finance.gov.mk/краткорочни-економски-движења-кед-ме/*).

## 4. СОЦИЈАЛЕН СЕКТОР

### Нововработени и регистрирани невработени лица во Агенцијата за вработување

**Графикон 4.1:** Преглед на невработени лица
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ.

Во првите единаесет месеци од 2024 година, во Агенцијата за вработување се регистрирани вкупно 174.617 новозасновани работни односи. Во однос на истиот период од 2023 година, вкупниот број нововработени лица е намален за 8,4%.

Од вкупниот број нововработени, 41,4% се вработени на неопределено време, а другиот дел на определено време и за вршење сезонски работи. Од вкупниот број

новозасновани работни односи во ноември 2024 година, 17,2% се од евиденцијата на невработени.

Вкупниот број невработени лица во ноември 2024 година изнесува 141.539, од кои 97.753 лица се активни баратели на работа, а 43.786 се останати невработени лица. На годишна основа, вкупниот број невработени лица е намален за 4,0%, а почнувајќи од мај 2021 година тој бележи континуиран годишен пад. Во однос на октомври 2024 година, бројот на невработени е намален за 67 лица.

**Графикон 4.2:** Преглед на нови вработувања
*(износи во единици)*




Извор: АВРСМ

Најголем дел од активните невработени лица (58,9%) е градско население, а според половата структура 47,9% се мажи. Според степенот на образование, најголемиот дел од невработените лица, односно 68,9% е со непотполно средно образование или помалку, 23,7% со завршено средно образование, а 7,4% со вишо или повисоко ниво на образование.

Анализирано според старосната структура, 49,6% од невработените припаѓаат на возрасната група од 25 до 49 години. Според времето на чекање на вработување, 59,3% од невработените лица чекаат вработување од 1 до 7 години, а 13,4% чекаат 8 и повеќе години.

## Плати

Според соопштението на Државниот завод за статистика, просечната номинална нето-плата во октомври 2024 година изнесува 42.134 денари и оствари годишен раст од 8,5%, а во однос на септември 2024 година таа е повисока за 1,3%. Најголем раст на просечната нето-плата во однос на октомври 2023 година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (11,5%), Информации и комуникации (10,7%) и Образование (10,5%). Во октомври 2024 година, реалните плати забележаа годишен раст од 4,8%. Највисока просечна нето-плата во октомври 2024 година е исплатена во секторот Информации и комуникации (78.426 денари), во чии рамки највисок износ на нето-плата е исплатен во дејноста

**Графикон 4.3:** Просечна нето-плата
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Графикон 4.4: Просечна нето-плата по сектори
*(годишни стапки на раст во %)*




Извор: ДЗС

Компјутерско програмирање, консултантски и сродни дејности (97.404 денари), по што следуваат Финансиски дејности и дејности на осигурување со 57.462 денари, секторот Рударство и вадење камен со 54.271 денар и секторот Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација со 54.052 денари.

Графикон 4.5: Просечна нето-плата по сектори, октомври 2024 година *(во илјада денари)*




Извор: ДЗС.

Просечната номинална бруто-плата во октомври 2024 година изнесува 63.392 денара и споредено со истиот месец од 2023 година порасна за 8,6%, а на месечна основа таа е повисока за 1,3%. Најистакнат раст на просечната бруто-плата во октомври 2024 година во однос на октомври 2023 година се забележува во следните сектори: Уметност, забава и рекреација (11,7%), Преработувачка индустрија (10,8%) и Образование (10,8%).

## Пензии

**Графикон 4.6:** Корисници на пензии и просечна пензија *(корисници во единици; просечна пензија во денари)*




Извор: ФПИОСМ

Во ноември 2024 година, во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување се евидентирани 339.955 пензионери. Во септември 2024 година беше изменет Законот за пензиско и инвалидско осигурување, согласно кој од 1.10.2024 година има линеарно покачување на сите видови пензии за 2500 денари. Од вкупниот број пензионери, 71,0% се корисници на старосна пензија, или 241.400 пензионери, 21,5% на семејна пензија или 73.113 пензионери и 7,5% на инвалидска пензија, односно 25.442 пензионера.

Просечната пензија во ноември 2024 година изнесува 23.763 денари односно за 17,7% повисока во однос на истиот месец од 2023 година[4]. Растот на пензиите е резултат, меѓу другото, и на мартовското усогласување на пензиите според методологијата која предвидува усогласување на пензиите со комбиниран модел од 50% пораст на просечната плата и 50% пораст на трошоците на живот, согласно официјалните податоци на ДЗС. Според оваа методологија, почнувајќи од март 2022 година усогласувањето се врши двапати во годината, односно во март и септември.

Соодносот на просечната пензија со просечната исплатена плата во октомври 2024 година (последни расположливи податоци) изнесува 56,3%.

Просечната старосна пензија во ноември 2024 година изнесува 25.404 денари, просечната инвалидска пензија 21.303 денари, а просечната семејна пензија 19.200 денари. За исплата на пензиите овој месец се потрошени 8.061 милион денари, што претставува 52,0% од вкупните социјални трансфери.

[5] При пресметката на просечната пензија не се вклучени воените и земјоделските пензии.

| **Табела 4.1** Податоци за пензиски примања за ноември 2024 година | | | |
|---|---|---|---|
| **Корисници на пензија** | **број** | **структура** | **просечна пензија** |
| старосни | 241.400 | 71,0% | 25.404,00 |
| инвалидски | 25.442 | 7,5% | 21.301,00 |
| семејни | 73.113 | 21,5% | 19.200,00 |
| Вкупно | 339.955 | 100,0% | 23.763,00 |
| **Корисници на миним. земјоделски пензии** | 37 | | 13.429,00 |
| **Корисници на воени пензии** | 729 | | 32.386,00 |
| **Вкупно** | 340.721 | | 23.780,00 |
| **Извор: Фонд на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија** | | | |

## 5. МОНЕТАРЕН И ФИНАНСИСКИ СЕКТОР

Во ноември 2024 година, Народната банка ја задржа основната каматна стапка непроменета, на ниво од 5,80%, откако претходните два месеца започна со нејзино намалување. Одлуката за олабавување на монетарната политика се заснова на оценката на инфлацијата, најновиот развој на клучните макроекономски показатели и поволните движења на девизниот пазар. Ова намалување е во согласност со монетарната политика на ЕЦБ, која започна со намалување на каматните стапки од септември 2024 година.

Во ноември 2024 година, Народната банка ги задржа расположливите депозити преку ноќ и расположливите депозити на седум дена на нивото од 4,20% и 4,25%, соодветно.

### Примарни пари

Во ноември 2024 година, примарните пари[5] се намалија за 8,0% на месечно ниво. Падот на примарните пари се должи на намалувањето на вкупните ликвидни средства за 14,8%, додека готовите пари се намалија за 0,2%.

Во ноември 2024 година, примарните пари се зголемија за 7,5% на годишно ниво, што се должи на растот на готовите пари во оптек и вкупните ликвидни средства за 11,2% и 3,8%, соодветно.




[5]Примарните пари се пресметани како збир од готовите пари во оптек (вклучително и готовината во благајна), задолжителната резерва во денари и во девизи и вишокот ликвидни средства над обврската за задолжителна резерва.

## Депозитен потенцијал[6]

Во ноември 2024 година, вкупните депозити на банките се зголемија за 0,9% на месечно ниво. Секторската анализа укажува дека споредено со претходниот месец депозитите на домаќинствата се зголемија за 1,9%, додека депозитите на претпријатијата се намалија за 0,6%.

Од аспект на валутата, во ноември 2024 година споредено со претходниот месец, депозитите во домашна и странска валута регистрираа раст од 1,6% и 0,1%, соодветно.




Во ноември 2024 година, вкупниот депозитен потенцијал оствари раст од 11,0% на годишна основа. Анализирано според валутата, депозитите во домашна валута се зголемија за 16,2%, а депозитите во странска валута за 4,5%.

Од аспект на секторот, депозитите на претпријатијата регистрираа раст од 7,0% на годишно ниво, а депозитите на домаќинствата раст од 13,3%.

Табела 5.1. Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор

| Депозитен потенцијал и кредити на приватен сектор (ноември 2024 година) | Во милиони денари | Месечна промена | Годишна промена |
|---|---|---|---|
| | | | |
| Депозитен потенцијал | ***570.298*** | ***0,9%*** | ***11,0%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *332.336* | *1,6%* | *16,2%* |
| *Странска валута* | *237.963* | *0,1%* | *4,5%* |
| Според рочност: | | | |
| *Краткорочни* | *214.595* | *-0,4%* | *-1,1%* |
| *Долгорочни* | *145,904* | *2,1%* | *27,1%* |
| | | | |
| Кредити на приватен сектор | ***481.410*** | ***0,7%*** | ***9,7%*** |
| Според валута: | | | |
| *Денари* | *295.096* | *0,8%* | *16,0%* |
| *Странска валута* | *186.315* | *0,7%* | *0,9%* |
| Според рочност: | | | |

[6]НБРСМ ги објави податоците од монетарната статистика, статистиката на другите финансиски институции и статистиката на каматните стапки, по нова методологија. Методолошките промени се направени заради усогласување со препораките од новообјавениот Прирачник и упатство за монетарната и финансиската статистика на ММФ од 2016 година (MFSMCG – IMF, 2016) и Техничката мисија на ММФ од областа на монетарната и финансиската статистика во НБРСМ од 2015 година.

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Краткорочни* | *69.545* | *-0,7%* | *8,5%* |
| *Долгорочни* | *394.978* | *0,9%* | *10,6%* |

Извор: НБРСМ

Според рочноста, на годишно ниво, краткорочните депозити се намалија за 1,1%, додека долгорочните депозити регистрираа раст од 27,1%.

Валутната структура на депозитите и понатаму останува стабилна, при што учеството на депозитите во домашна валута доминира во депозитната база и овој месец учеството регистрира раст и изнесува 58,3%.

## Кредити на банките

Во ноември 2024 година, вкупните кредити на банките кон приватниот сектор се зголемија за 0,7% на месечно ниво, во услови на раст на кредитирањето на домаќинствата и претпријатијата за 0,7% и 0,8%, соодветно.

Од аспект на валутата, на месечно ниво денарските кредити се зголемија за 0,8%, а девизните кредити за 0,7%.

На годишна основа, во ноември 2024 година вкупните кредити се зголемија за 9,7%, во услови на раст на кредитите на претпријатијата и кредитите кон домаќинствата за 11,5% и 8,2%, соодветно. Кредитите во домашна валута се зголемија за 16,0%, а кредитите во странска валута за 0,9%.

Од аспект на рочноста, долгорочните кредити бележат годишен раст од 10,6%, а краткорочните кредити од 8,5%.

## Каматни стапки на депозитни банки

Во ноември 2024 година, вкупната каматна стапка на кредитите се намали за 0,02 п.п. во споредба со претходниот месец и таа изнесува 5,36%. Каматната стапка на денарските кредити се намали за 0,01 п.п. и изнесува 5,80%, а каматната стапка на девизните кредити за 0,02 п.п. и изнесува 4,75%.

Графикон 5.3: Каматни стапки на депозити и кредити
*(во %)*




Извор: НБРСМ.

Во ноември 2024 година, вкупната каматна стапка на депозитите се зголеми за 0,05 п.п. во однос на минатиот месец и изнесува 2,12%. Каматната стапка на денарските депозити се зголеми за 0,07 п.п. и изнесува 2,63%, а на девизните депозити за 0,05 п.п. и изнесува 1,66%

Каматната стапка на новоодобрените денарски кредити изнесува 5,16%, а на новоодобрените девизни кредити 3,94%. Каматните стапки на новопримените денарски и девизни депозити изнесуваат 3,21% и 2,27%.

## Пазар на капитал

На пазарот на капитал, вкупниот промет на берзата во ноември 2024 година се зголеми за 33% на месечно ниво, како резултат на растот прометот од блок трансакциите за 12,4%, додека прометот од класичното тргување се намали за 4,1%.

Вкупниот промет на берзата во ноември 2024 година изнесува 2.541,5 милиони денари, што претставува зголемување за 693,9% на годишно ниво.

На крајот на ноември 2024 година македонскиот берзански индекс МБИ-10 изнесува 9.109,4 индексни поени, при што на месечно ниво е зголемен за 5,7%, а во однос на истиот месец претходната година тој е зголемен за 50,7%.

Графикон 5.4: Вкупен промет на берза и движење на МБИ 10
*(промет во милиони денари; МБИ 10 во индексни поени)*




Извор: МБ.

## Девизни резерви

Износот на бруто девизните резерви на крајот на ноември 2024 година е 4.919,96 милиони евра и во однос на претходниот месец тој е намален за 1,1%, а во однос на ноември 2023 година девизните резерви се зголемени за 24,1%.